| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | Круг, квадрат, триаголнк |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема „Како правилно се одржува лична хигиена додека играме со другарите кога сме во парк“. |
| **Активности** | Креирањето на математичка натпреварувачка игра е предизвик за децата во која тие можат  активно и непосредно да учат, а истовремено да ја задоволат потребата за движење.<br><br>За оваа активност ви се потребни форми на круг,квадрат  и триаголник кои самостојно ќе  ги изработите  од колаж хартија во различни бои.Исечете по десет од секоја форма.На нив напишете ги броевите до десет. Потоа изработете коцка од картон или големи пластични блокови. На шестте страни од коцката залепете по две исти форми(круг,квадрат,триаголник). и играта може да започне.<br><br>Во играта може да учествуваат сите членови од Вашето семејство. Еден ја врти коцката, а другите скокаат до целта.Тие се поставени на три патеки.Секоја патека има иста форма.Поставете две јажиња ,едно за почеток, а друго за цел. Еден натпреварувач ја врти коцката,а формата која ќе се падне  е знак дека натпреварувачот кој е на соодветната патека  со формата треба да скокне едно поле напред.Првиот кој ќе ја помине целта е победник.<br><br>Игрите можат да продолжат понатаму. Децата можат да сечат форми од колаж хартија или картон со кои ќе составуваат слика според сопствена креација.Од формите кои се играше играта , децата можат да ги подредуваат според броевите во низа од 1 до 10 и наназад,како и да ги групираат според боја и форма. |

| | |
|---|---|
| | Преку овие игри децата учат да препознаваат најпрво форми а потоа бои и броеви до десет,како и да следат упатства за игра и да соработуваат меѓусебно.<br><br>Игрите можете да ги играте надвор, во паркот со другарите на Вашите деца ,но најважно од се е да ги почитувате правилата на физичко растојание заради безбедноста на сите! |